Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0901-179/5
03.06.2021 год.
СКОПЈЕ

До
[redacted] ДОО Скопје
ул. [redacted]
Скопје

Од
Комисија за спречување и заштита од дискриминација
бул. Даме Груев бр. 1
Скопје

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани, на 12.06.2019 до Комисијата за заштита од дискриминација од ваша страна е доставена претставка, заведена под бр. 0801-179, поднесена против Државен инспекторат за труд – подрачна единица Скопје. Согласно чл. 47 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) започнатите постапки за заштита од дискриминација, како и за поднесените претставки по кои не е започната постапка до денот до влегување на овој закон во сила, ќе завршат според одредбите на овој закон.
После разгледувањето на вашата претставка, списите од вашиот предмет и добиениот одговор од страна на [redacted] Државен инспектор за труд, ве информираме дека **постапувањето по адресираниот проблем не спаѓа во рамките на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.**
Во членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) дискриминацијата се дефинира како секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.
Во членот 21 од истиот закон таксативно се набројани законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно кои Комисијата нема надлежност да постапува и мериоторно да одлучува за професионалната етика на адвокатите и нивното постапување.
Согласно член 40, став 6 од Законот за општата управна постапка јавниот орган кој ќе утврди дека не е надлежен за работа по примен поднесок, а не може да утврди кој јавен орган е надлежен ќе донесе управен акт со кој ќе го отфрли поднесокот поради ненадлежност.
Заради сето наведено ве известуваме дека а претставката бр. 0801-179, поднесена на 12.06.2019 од ваша страна против Дирекцијата за заштита на лични податоци, **СЕ ОТФРЛА заради ненаделжност за постапување на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.**

Комисија за спречување и заштита од дикриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје